AK12

**PRES-SERVIS**

NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank

**SLUŽBA DOKUMENTACIJE**
**CLIPPING SERVICE**

Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
Скопје
1. VII. 1966

# Вајарскиот симпозиум во Прилеп почнува на 5 јули

Прилеп, јуни

Овогодишниот, четврти по ред вајарски симпозиум „Мермер-Прилеп" што ќе почне на 5 јули и ќе трае два ипол месеци, ќе биде тематски определен со што всушност, и оваа манифестација ќе се вклучи во прославата на 25-годишницата на Револуцијата во нашата земја. Заради тоа претседателството на Сојузот на здруженијата на боречките организации на СРМ на најдобрите остварувања на симпозиумот ќе им додели три награди, и тоа во износ од 400, 300 и 200 илјади стари динари, покрај редовниот окуп што го обезбедува организаторот, Општинското собрание во Прилеп.

По распишаниот конкурс што заврши деновиве се јавија и свои скици испратија 23 вајари од земјата и странство. Одборот одбра шест, и тоа: од Белград Лукиќ Милан, со делото „Мајка на загинатите", од Загреб Круно Бошњак, со делото „Пренос на ранетиот", Лука Илиќ со делото „Оневозможена", Матутиновиќ Рудолф со делото „Непокорена". Годинава на симпозиумот ќе земат учество и двајца вајари од странство. Тоа се Гревс Брадфор, од Њујорк, и еден вајар од Романија, што ќе го изработува делото „Мајчинство". Со тоа, како и со учеството на израелската вајарка Шошана Хајман минатата година, прилепскиот симпозиум добива меѓународен карактер и значење.

(П. П.)